Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

---

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА**
**одржана на 20 април 2012 година во Дојран**

**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***

***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**........................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА..........................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО.......................................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ.............................................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ...................................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЦОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН..........................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“...............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран.......................................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.......................................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро...........................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот...............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.......................................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран.......................................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион.............................................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран......155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)......161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион......171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран......185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран......191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран......197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион.......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион.......................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион.......................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза.......................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион......................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Доц. д-р. Рубин ЗЕМОН**

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛОШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

## Вовед

Туризмот е релевантен во многу теоретски и практични прашања во антропологијата. Антропологијата и туризмологијата имаат многу заеднички допирни точки, а некаде меѓусебно се испреплетуваат и доплонуваат. И двете науки се посветуваат во објаснувањето и презентацијатана културните вредности во оштеството.

Користејќи туризмолошки пристап, антрополозите поставиле многу прашања, како што се:  Кое е интер-културното значење на работа и слободното време?; Кои се врските помеѓу играта, ритуалот и хаџилукот?; Кои се динамиките и влијанијата на интер-културните контакти помеќу туристите и локалното население?; Како се претставува културата за туристички потреби и како таа се перцепира?; Како се менуваат или импровизираат културните традиции низ времето за да им одговараат на очекувањата на туристите, или како да ги одделиме вистинскиште од наметнатите традиции?; Како и зашто се конструираат етничките стереотипи и туристички се манипулира?; Како домородните општества се менуваат откако тие се интегрирале во туристичкиот пазар?; Зашто локалното учество е релеватно за успесите во туризмот? итн. Во барањето на одговорите на ваквите и слични прашања, многу антрополози го поставија туризмот на главниот фокус на нивната интерпретација и анализа (Stronza A., 2001: 261, 262).

Неколку фактори го направија туризмот посебно релевантен за антропологијата. Туризмот ги опфаќа човековите општества. Луѓето, во скоро секое општество на некој начин се во контакт со туризмот. Многу антрополози сведочат од прва рака за промените настанати од туризмот во нивните истражувачки терени. Местата од одредена дестинација, кои се многу интересни за антрополозите, се повеќе се отворени према туризмот, откако се глобализира светската економија, и меѓународните мрежи на сообраќај и транспорт се подобрија. Денес, туристите имаат пристап дури и до најнедостапните дестинации на Амазон, Хималаите, Антартикот.

Економското значење на туризмот исто така предизвика големо внимание од антролозите. Туризмот е значаен катализатор на

економскиот развој и социо-политичките промени, процеси кои се во фокусот на интересот на многу антролопози, особено за тие кои се занимаваат со одржливиот развој и заштитата.

Исто така, туризмот го задржува вниманието на антрополозите и поради тоа што вклучува соочување лице-со-лице помеѓу луѓе со различно културно потекло. Кога туристите и локалното население се сретнуваат, и двете страни имаат можност не само да погледат едни со други, но и да ги огледаат своите животи преку очите на другите. Оваа културна интеракција често е предмет на широки теоретки прашања во антроплогијата. (Hataway M. 2007: 1)

Интердисциплинарноста помеѓу антропологијата и туризмологијата во секој случај можат да дадат и значајно поквалитетни резултати особено во туристичката понуда и креирањето на туристичкиот производ. Ова особено е значајно во процесот на индикација и мапирање на антропогените и другите туристички атрактивности, како и во презентирањето на културните вредности на одредена етнографска целина или регион во туристичките програми.

**Кратка историја на Дојран и Дојранско**

Дојранското езеро се споменува во делата на класичните писатели. Херодот во V век п.н.е. запишал декаовој крај на Дојранското Езеро, тогаш Празијас, е населен од Пеонците, едно од најстарите племиња што живеело во овој крај. Тој зборува за наколни живеалишта и тоа дека во средина на езерото биле направени скели на кои пак се наоѓале дрвени колиби.Тука во овие колиби живееле Пајонците покрај Прасијадското езеро.Езерото било толку богато со риба со што дури и домашните животни ги хранеле со риба.Тие живееле на брегот на езерото, во дрвени колиби заградени со трска и поставени на скелиња кои се потпирале на долги дрвени колци.Со копното ги поврзувале единствено чамците со кои управувале многу вешто заради што најчесто и обидите на освојувачите (Персијците) биле безуспешни.Се женеле по многу пати, а се занимавале со лов, риболов, земјоделство и сточарство.Биле многу добри пливачи и нуркачи.Секој од нив во својата колиба имал отвор кон езерото (на дното на колибниот под) преку кој ловеле риба во изобилство и со неа ги хранеле дури и коњите и говедата. Регионот околу езерото Презијас во тој период територијално припаѓал на Македонската држава чиј крал бил Аминта, па на неговиот син Александар I по него, па Пердика II (454 - 413 година п.н.е.) па Архелеј I (418 - 399 година п.н.е.). Во првиот и вториот век п.н.е. за времето на Филип II и Александар

Македонски и во периодот кога Римјаните почнале да навлегуваат на Балканот ( II век п.н.е.) на западниот брег на Празијас (денес, месност Топлец) на површина од 30 - тина хектари веќе бил распространет антички град - тврдина со најстарото познато име Тауријан. Во 395 година при делењето на Римското царство на Западно и Источно чиј центар бил Визит (Цариград), Тауријан станал дел од источното римско царство односно Византија. На почетокот на деветиот век Тауријан важел за град кој благодарение на местопожбата и развојот завзема значајно место во поглед на историските, културните и економските случувања.Иако нема пишани и документирани податоци кои прецизно ќе го окарактеризираат Тауријан во овој век сепак, најверојатна е претпоставката дека токму во некоја од годините на IX - от век заради епидемија на колера и последиците од неа градот е поместен малку подолу - на југ. Новиот град добива ново име Полин.[www.1]

Со потпаѓање на Македонија под Римска власт во 168 год. пр.н.е. наседбата крај езерото Празијас во долгогодошниот период преминува на брегот од каде подоцна ќе се развие и израсне во античка населба аречена Тауријан. Предримскиот антички град крај Дојранското Езеро бил лоциран во месноста Топлец и на југ каде што сега е изграден Нов Дојран, за тоа говорат и досега пронајдените надгробни плочи со ликови на некои семејства, потоа големи мермерни столбови, повеќе примероци пари, монети а на север кај изворите Топлец е откриен камена пластика од античка архитектура. При градењето на црквата во Нов Дојран, во 1923 година, потоа копањето на темелите на куќите во Нов Дојран се откриени и пронајдени остатоци архитектурни градби. Сите тие потекнуват од предримскиот и Римскиот период, со тоа е утврдено дека Нов Дојран и на поширокото подрачје околу него некогаш постоела античка населба. [www.3]

Во периодот на 1026 и од 1037 до 1039 година жителите на Полин се соочиле и со земјотреси, суши, поплави и со епидемии што следуваат после нив. Живеејќи во времето на сето тоа, тие во својот Полин покрај езерото ги "дочекале" и сосема новите и најдолготрајни гости - господари, Турците османлии кои по Маричката битка во 1371г. преку планината Беласица и по заледеното езеро како што вели легендата го зазеле Полин. (Панов Б. 1985: 369-372). Турците го дале третото име на градот - Дојран. Во втората половина на XV - от век Дојран бил нахија - центар на неколку селски општини. За време на Османлиското владеење Дојран, заради блискоста и влијанието на актуелните општествени и политички процеси бил град со амфитеатрален изглед од два дела: долен - каде што живеело месното

население и горен во кој се лоцирало турското население. Градот бил изграден во стилот на Цариградската и Солунската архитектура. Имал калдрмисани улици, чиста вода за пиење каптирана од изворите над градот и спроведена до повеќе градски чешми преку канали со керамички цевки, градска бања - амам кој им служел на сите жители, мажи и жени, христијани и муслимани, три цркви и три џамии, неколку училишта (повеќе основни и една гимназија) и една заедничка саат кула. На Дојран во тоа време му припаѓале и околу 79 села при што имало околу 30 000 жители од кои над 18 000 Турци, повеќе од 9500 Македонци, околу 160 Евреи и 1000 Роми). Во тоа време се појавило и унијатството во Кукушко-Дојранската епархија која се побунила против патријархот и се приклучиле кон папата кој им дозволил да го шират христијанството на народниот јазик.[www.2].

Во 1912 година Отоманското владени во Македонија, беше заменета со тројно завладување од страна на српската, бугарската и грчката држава. На 23 октомври 1912 година, во Дојран веќе пристигнало едно одделение коњица од српската војска, која секако се претставила како ослободител на Дојран. Во Дојран први влегуват српските сили, но бугарите тука изграделе своја власт. Струмичката и Дојранската територијата се смета завладеана од бугарската армија, со што правото на командантство и припаѓа на бугарската армија, а особено од поделбата на Македонија не била задоволна Бугарија, бидејќи таа добила најмалку од Македонија.

За време на првата светска војна, Дојран и околината беше на поширокиот простор на т.н. Солунски фронт, кој по логиката на нештата треба да се нарече „македонски фронт“,или оддалечен само 2—3 километри од првата борбена линија меѓу германските и бугарските, од едната, и англо-француските војски, од другата страна. Во северозападниот дел од градот се ископани ровови за топови, и митралески гнезда, магацини за воени материјали и прехранбени артикли, ровови како втора одбранбена линија и слично.На запад и северозапад на одредени места биле изградени големи бетонски бункери, каде биле смостени тешки топови. Со оглед на очекуваната нова фанзива на овој дел од фронтот, бугарската команда наредила да се евакуира населението од Дојран и сите населени места за кои се сметало дека се во близина на воената зона.

Рушењето на градот започналово1916 и траело 1918 година .На крајот на војнатаградот Дојран бил срамнет со земјата а неговите жител, над 9000, раселени низ сите краеви на Балканот. До 1941 година Дојран останува во составот на Кралството на Србите Хрватите и Словенците.

Во 1925 год.населението од разрушениот град се враќаат и градат нова населба 4 км по на север - Нов Дојран. (Тасев М. Р. 2000:5-7)

За време на втората светска војна кога Краството Југославија, била поделена помеѓу окупаторските сили, Дојран како и поголеот дел на денешна Република Македонија, потпаднала под бугарско-фашистичка окупација. Дојран и околината е ослободен во ноември 1944 година. [www.2]

Покрај Дојранското Езеро денеска на македонската страна на брегот постојат четиринаселби: Нов Дојран, Стар Дојран, Николиќ и Сретеново. Населението некаде во средината на 50 - те години почнува да се занимава и со туризам. Во негова функција денес покрај Дојранскиот брег постојат 40 објекти (хотели и одмаралишта на претпријатија од целата земја), 4 комерцијални хотели и уште толку модерни казина и над 600 викендици.

**Антрополошки можности за развој на туризмот во Дојран и Дојранско**

А) Традицинална материјална култура

Дојранско или Дојранската котлина, се наоѓа помеѓу планината Беласица на север, Круша Планина на исток, малиот крај Трнавата (име на област од неколку села во Валандовско) и со Кукушко на југ.

Поголемите села од збиен тип, главно се наоѓаат во полите на Беласица. Другите села беа во рамницата и некои од нив биле чифлигарски. Инаку вкупниот број на села во Дојранско изнесуваше 40 (од нив 29 се на територијата на Р.Македонија, а 12 во политичките граници на Р. Грција). Мнозинството од населението се занимаваше со земјоделство, а еден дел со крајно специфичен начин на риболов, со помош на еден вид на галеби- корморани. (Константинов М. 1992: 111)

**Риболовот** со птици на Дојранското Езеро е прилично познат, недоволно опишан во стручната литература, а поради своевидната оригиналност и атрактивност, како единствен во Европа и редок во светот, за него се снимени и неколку краткометражни филмови за овој древен начин на ловење риба.

За овој начин на риболов, рибарите подготвувале посебен вид прегради изработени од трска, познати под називот мандри. Испреплетената трска во леси се прицврстувала на претходно поставени колови во езерото и на тој начин се формирале еден вид на мали лавиринти. Кога рибите гонети од птиците влегуваале во мандрите, рибарите ги затвореле, и потоа многу едноставно ја црпеле рибата од мандрите. Со цел да ги сочуваат влезените риби во мандрите

од птиците, рибарите подигале наколни колиби во кои „дежурниот" рибар има задача да ги гони. (Константинов М. 1992: 267)

Не треба многу да се зборува што значи за развојот на турзимот на Дојран и Македонија, ако се направи соодветна стратегија за туристичка промоција на ваквиот древен, уникатен начин на ловење на риба, кој во меѓувреме ќе треба да се обнови и да се прилагоди за туристички цели. Се разбира овозможување то на можност да самите туристи земаат учество ва процесот на изработките на мандрите и во процесот на ловење, би била ендемична туристилка понуда, што ретко, или можеби никаде во светот не се нуди.

Друго многу важно традиционално занимање за регионот, кое можи да предизвика голем туристички интерес е **свиларството или огледување на свилената буба т.е. бубарството.** Во Македонија од дамнина било одомаќено огледувањето на свилената буба. На Балканскиот полуостров таа се огледува почнувајќи од 552 година, кога двајца грчки калуѓери тајно префриле од Персија, покривајќи во бамбусова трска, јајца од овој инсект и семе од белата дудинка. Меѓутоа, дури по доаѓањето на Османлиите, развојот на свиларството беше беше поттикнат во поголем број на етнички предели ширум Македонија. (Константинов М. 1992: 256)

Свилената буба најмногу се огледувала во Бојмија, Воденско,Мегленско, Гевгелиско, Дојранско, Струмичко и други области, каде се наоѓале и посебно уредени „црничкови градини" за обезбедување на црничков лист се кој се прехранувала бубата. Селото Црничани кое што се наоѓа во Дојранскиот регион, било еден од центрите со „црничкови градини". (МАНУ, 1996: 55).

Инаку, дудовите стебла беа ниски и со закружени крошни, поради постојаното поткастрување. Собирањето на младите гранки со лисјата траело 22-25 денови и тоа главно во периодот од 25 март до 5 мај секоја година. Во тој период гасеницата на свилената буба се трансформира во „кокона" т.е. во кожур што содржи 1-12 илјади обвивки најтенко свилено влакно, од кое по сучењето се добивало свилен конец. (Константинов М. 1992: 256).

Иако технологијата за точење на свилата од кожурците била едноставна, таа била макотрпна работа. Прво кожурецот се попарувал со вода, а потоа најчесто со чкорка од метла се зафаќале толкав број на нишки, колку што требало да биде дебел конецот. Источените нишки, прва се навивале во мотолито, па потоа се сучеле (една нишка била долга помеѓу 1000- 1500 м.). Пред употреба семето на свилената буба се чистело од лушпите. Тоа го правеле на различни начини, а најупотреблив бил тој што жените го завивале семето во крпчиња, а

потоа го ставале во пазувите под мишката. Во некои краишта вака завиваното семе го ставале под квачките.

Денес производството на свилена кожурци скоро и да не постои поради употребата на вештачката свила. Меѓутоа, обновувањето на процесот на огледување на свилената буба и добивање на свила преку рачна обработка, за туристички цели, со што на туристите би им се дало можност да учествуваат во делумно или во целост во процесот на добивањето на свилата, несомнено можи да има економска и развојна оправданост.

б) Традиционална духовна култура

Од широкиот спектар на богата духовна култура на Дојран и регионот како можност за развој на туризмот можат да се употребат обичаите и обредите што се поврзани со годишниот (календарскиот) циклус на обичаи т.е. празничните обичаи. Имајќи во предвид дена Св. Пророк Илија се смета за заштитник на Дојран, празникот посветен на овој светец би можел да прерасне во туристичка атракција, со што би се привлекле туристи со разни интереси и желби да до посетат регионот.

Од празничните обичаи во минато посебно место завземал обичајот Русалии кои во македонското и балканското културно наследство имаат значајно место. Русалиите се изведувале во текот на т.н. Некрстени денови (од Божиќ до Водици) и најдолго се задржале како обичај во јужните краишта на Македонија. Учесниците на русалиските дружини, најпрвин со строго придржување кон одредени правила, а потоа со песни и ора, според верувањата настојувале да ги избркаат лошите духови. За таа цел, при играњето на русалиските ора, играчите се затрчувале особено кон болните, замавнувале со сабјите за да ги избркаат болестите т.е. лошите демони влезени во телото на човекот. Русалиите со задоволство биле примени во секој дом и биле дарувани со разни подароци: грав,месо, волна, ракија, вино итн. Подароците никогаш не ги земале за себе, туку јавно ги наддавале и ги претворувале во пари и ги дарувале за изградба на цркви, училишта, чешми, мостови итн.

Русалиите „делувале“ во дружини и ги посетувале населените места. Членовите на една русалиска дружина се придржувале кон повеќе строги правила, како на пример во текот на сите 12 дена молчеле, не смееле да се поздравуваат, ниту крстат, не смееле да се вртат назад, не смееле да газат по вода, не смееле да спијат со жени, ниту да пијат вино итн. Не влегувале во куќа во која знаеле дека има леунка, а и самата таа ако ги видела бегала и се криела, сметајќи се за „нечиста“. Многу се внимавало да не сретнат две русалиски дружини.

Во такви случаи требало едната да и признае надмоќ на другата и да помине под нејзините сабји. Поради тоа доаѓало до тепачки со смртни последици, а загинатите ги погребувале на самото место на настанот за што сведочат и многу топоними познати како Русалиски гробишта. (МАНУ, 1996: 226,227)

Организирање на русалиските обичаи како туристичка атракција на Дојран, во чиј регион во минатото Русалиите завземале значајно место во традиционалниот живот, би претставувале убава пригода на туристи го посетуваат регионот за време на т.н. Некрстени денови од Божиќ до Водици.

**Промоција на традиционалниот социо-културниот систем Дојран и околината за туристички цели**

Во минатото антрополозите се обидуваа да направат едноставна дисктинкција помеѓу оштетсвото и културата. Општетсвото беше гледано како содржина од модели на односи помеѓу луѓето во специфична територија, а културата беше гледана врз основа на продуктите на тие односи.  Во поново време се поголем број на антрополози го прифаќаат хибирдниот термин социо-културен систем, како основна концептуална рамка во анализарањето и истражувањето.

Културното наследство се почесто се препознава како база за создвање на нови културни вредности, или начин за „осовременување на традицијата“, за што голема мерка придонесува и туризмот. Во последните 3 децении, т.н. рурален туризам што понекогаш и урбано се развива, станува се позначајна содржина на туристичката понуда. (Ivanović-Barisić M., 2012)

Во тој контекст во светот се повеќе се дава во значење во креирање, функционирање и одржување на т.н. етно-паркови, скансен музеи или „музеи во живо“ каде гостите т.е. туристите се дел на традиционалата заедница, спроведуваат еден период во традиционалниот контекст на социо-културниот систем на одреден регион. Меѓутоа поради се поголемата комерцијализација и атрактивност на туристичките понуди во т.н. рурален туризам, се повеќе се губи автентинчното т.е. „обичниот живот“ на луѓето, кои треба да бидат и главните „актери“ и „туристички работници“. Поради тоа за завземање еден таков голем зафат за формирање, фунционирање и одржување на етно-парк, потреба е претходна едукација и тренинг на локалното населени и висок степен на инволвираност на стручни лица-етнолози, антрополози во креирањето на „туристичкasa атракција“ и туристичките производи. (Petrović L.T., Kelemen R. Lončar S., 2012).

Во последно време т.н. „креативни индустрии“ се повеќе се присутни како туристички производи, што директо се поврзуваат со културолошкиот и руралниот туризам во светот. Креативните индустрии во светот се различно дефинирани, а кај нас во Македонија се дефинирани како индустрии кои се инспирирани од културното и уметничкото творештво и имаат потенцијал да создадат економска вредност преку производство и експлоатација на интелектуалната сопственост. Во креативни индустрии спаѓаат следните гранки: сценски уметности, архитектура, рекламирање, дизајн, мода, театар, филм, медиуми, музика, издаваштво, презентација на културното наследство, ликовната уметност, мултимедија и софтвер, култтурен туризам и уметнички занаети. (Методијески Д., 2012: 92).

Во овој контекст, треба да биде спомената дефиницијата за креативен туризам прифатена на Конференцијата за креативен туризам одржана во Санта Фе (САД): “креативниот туризам е туризам насочен кон автентично доживување, со земање учество или учење на уметност, наследство или специфичните карактеристики на даденото место”. Овој вид туризам им дава можност на туристите да го развијат својот креативен потенцијал и да земат активно учество во обуки и курсеви кои се карактеристични за местото во кое тие решиле да го поминат својот одмор.Во центарот на креативниот туризам се наоѓа културната автентичност.

Креативните индустрии се карактеристични за урбаниот начин на живот, но тоа не значи дека не може да бидат успешно развивани и во руралниот туризам. За да се зголеми локалната понуда на туристички стоки и услуги, економскиот интерес ги поттикнува претприемачите да ги обноват некои од заборавените занаети како грнчарство, дрворезба, ткаење и др. Тоа од една страна ќе создаде нови работни места и ќе ја намали невработеноста, не само во дадената рурална средина, но и во соседните. Со цел да се зголеми конкуренцијата во понудата на руралниот туристички производ се организираат различни манифестации како панаѓури и карневали, се подобрува пристапот до локалните историски споменици, се реставрираат старите цркви, манастири и др.

Од аспект на креативните индустрии, во нашата земја недостасува понуда на креативен туризам, кое во иднина би требало да се промени. Промената треба да биде направена со проширување на понудата во руралниот туризам, преку вклучување на дополнителните дејности како: уметнички и занаетчиски студија и работилници, организирање на обуки и производство на ракотворби (тоа што туристите ќе го произведат да можат да го земат со себе на

заминување), обуки за изучување на народни игри и танци, традиционална исхрана, музеи и сл. (Методијески Д., 2012:156)

## Заклучок

Дојран и околината имаа огромно антрополошко богатство кое треба да се заштити, чува, негува презентира и искористи како туристичка атракција Ова особено важи за традиционалниот начин на риболов со мандри, за огледувањето на свилената буба и свиларството, как и за русалиските обичаи.

Преку промоција на етнолошкото и другото културно наследство,Дојран и околината за голем број на туристи кои сакаат да ја посетат Македонија, може да биде и ритуална форма на бекство од структурата на секојдневниот живот, но може да биде и претставник на симоличната потрага за автентичнио искуство за бегство од модерното општетсво.

Ангажманот на антрополозите/етнолозите во развојот на туризмот во Дојран и околината, може да биде одлична можност преку кои ќе се истражуваат прашањата на политчката економија, општествените промени и развој, управувањето со природните и културните ресурси како и со културниот идентитет и неговото изкажување. Со (ре)контрукција на културното наследство, како политики и механизми за економско заживување на и локален развој , културното а особено антрополошкото наследство можи да биде основа за развој на туристичката индустрија на Дојран.

## Библиографија

1. [www.1] http://www.dojran-info.com/index.php?option=com_content&view=article&id=22&Itemid=26&lang=mk
2. [www.2] http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D0%BE%D1%98%D1%80%D0%B0%D0%BD
3. [www.3] http://it0406.weebly.com/
4. Тасев М. Р. 2000; Дојране, ах мој Дојране; Струмица
5. Константинов М. 1992; Македонци, „Маринг“, Скопје
6. Панов Б. 1985; Средновековна Македонија, том трети, Мисла, Скопје
7. МАНУ, 1996; Етнологија на Македонците, Скопје
8. Stronza A., 2001; Anthropology of Tourism: Forging new Ground for Ecotourism and other alternatives, Annual Review of Anthropology volume 30, Chicago State University, Chicago
9. Hathaway M., 2007; The Anthropology of Tourism, Indiana University (http://www.indiana.edu/~wanthro/theory_pages/tourism.htm)
10. Методијески Д., 2011; Руралниот Туризам, Креативните индустрии и улогата на руралната жена во можностите за нивно развивање и комерцијализација во Република Македонија, докторска дисертација, Институт за општетсвени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“, Скопје

11.Petrović L.T., Kelemen R. Lončar S., 2012, “Attractiveness” vs. “Commonness”-the creation of heritage for purpose of shaping a tourist offer, Етнолог бр. 14, Македонско етнолошко друштво, Скопје
12.Ivanović-Barisić M., 2012, Ethnological heritage in function of cultural tourism in Serbia, Етнолог бр. 14, Македонско етнолошко друштво, Скопје



Сл. 1 Мандра



Сл. 2 Риби во мандра



Сл. Рибарска наколна колиба во Дојран





Сл. 4 и 5. Жени огледаваат Свилена буба на традиционален начин



Сл. 6 Кожурци од свилена буба



Сл. 7 Русалија во Дојран во 30-те години од XX век.



Сл. 8. Русалиска игра



Сл. 9 Русалиска дружина во првата половина на XX век.